Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

Архивски знак: ______ год.
Рок на чување: ______ 20__ год.
Потпис,

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор

**Ип 1 бр. 57-56**
**Датум: 29.06.2022 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Друштво за новинско издавачка дејност ОСТЕН ДООЕЛ, Скопје (во **натамошниот текст: Друштво)** | | |
| Седиште/адреса на субјектот | ул.„8-ма Ударна бригада„ бр. 2, Скопје | | |
| Адреса за е-пошта | osten@t-home.mk | | |
| Телефон | (071) 225-950 | | |
| Матичен број на субјектот | 6080464 | | |
| Даночен број на субјектот | 4030006581863 | | |
| Жиро-сметка | | | |
| Банка депонент | НЛБ Банка, Скопје | | |
| Одговорно лице на субјектот: | | | |
| Име и презиме, извршен директор | Телефон | | Е-пошта |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | **2. ВОНРЕДЕН** | | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 16 и 29.6.2022 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | | 11.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 29.6.2022 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | | 14.00 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ул.„8-ма Ударна бригада„ бр. 2, Скопје | | | |
| Приоритетна дејност на | Дејности на објектите за културни манифестации | | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| субјектот каде се врши надзорот | (шифра: 90.04) |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ул.„8-ма Ударна бригада„ бр. 2, Скопје |

3) **Инспекциски надзор е извршен врз основа на:**

-Налог Ип.1 бр. 57-56 од 13.6.2022 г., издаден од раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК – главен инспектор, а во врска со иницијативата бр. 23-5189/1 од 5.4.2022 г., и дополнувањето на иницијаативата бр.23-6928/1 од 2.6.2022 година доставена од Секторот за дејности од областа на културата и уметноста во МК, за недоставени Наративни и финансиски извештаи за реализација на проектите согласно намените во договорот и не реализирани проекти во предвидениот рок.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: Верица Станкова, советник - инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура. За почетокот на вршењето на надзорот, со Допис Ип 1 бр. 57-56 од 14.62022 г., со закажан термин на ден 16.6.2022 г., во 10.00 часот е известен субјектот на надзорот во согласност со член 69 став (2) од Законот за инспекциски надзор.

5.)**Предмет на инспекцискиот надзор,** којшто е планиран со Месечниот план за работа дел. бр.57-49/7 од 3.6.2022 г., на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ за м.јуни од аспект на примена на член 68 од Законот за културата, односно наменското користење на средствата, доделени од Буџетот на РСМ, преку Министерството за култура за финансирање на проектот **„НЕПОЗНАТИОТ АНАСТАСОВ – изложба цртежи и публикација"** согласно со Договорот бр. 22 - 9526/1 од 23.7.2021 г.за учество во финансирање на проект од национален интерес во културата од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот за 2021 г. и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот/проектите до МК да биде доставен извештај за реализација, кој содржи наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства за реализација на Проектот, договори, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање.

**Основ:** член 82 став (1) и член 68 од **Законот за културата** („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 23/19), а во врска со член 71 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ" бр. 102/2019).

**6.)Во извршувањето на овој инспекциски надзор:**

Не се употребени листите за проверка, од причина што станува за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор.

**7.)За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:**

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| [redacted] извршен директор | [redacted] | [redacted] |

**8.)За време на извршувањето на инспекцискиот надзор беа присутни други лица.**

| Име и презиме | Својство |
|---|---|
| [redacted] административен работник за финансии | административен работник за финансии [redacted] |

9.) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор, му ги презентира целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објаснија правата и обврските на присутното лице, субјектот на надзор.

10.)Во инспекцискиот надзор се констатирани следните **наоди за утврдената фактичка состојба:**

-Видно од апликацијата/пријавата Уп 1 бр. 22-4427 од 12.11.2020 година, Друштвото конкурирало до Министерството за култура со Проектот „НЕПОЗНАТИОТ АНАСТАСОВ – изложба на цртежи и публикација (со вкупно побаран буџет за истиот од 549.000 денари), од областа на визуелните уметности, артихектурата и дизајнот а со Решението за прифаќање на проектот Уп 1 бр. 22-4427/2020 од

23.2.2021 година, бил избран Проектот „НЕПОЗНАТИОТ АНАСТАСОВ – изложба на цртежи и публикација, како проект од национален интерес во културата за 2021 година и се одобрени средства за истиот во износ од 110.4000 денари и тоа за организациско материјални трошоци за реализација на проектот 70.400 денари и печатење на публикација 40.000 денари.

Согласно со член 3 став (1) од Договорот според којшто, меѓудругото е предвидено преведувањето на финансиските средства од страна на МК да се врши во согласност со доставено писмено барање од страна на корисникот за исплата на средства, изјава за наменско користење на средствата и соодветни договори (авторски и изведувачки), како и **оперативниот и финансиски план за реализација на проектот, односно за користење буџетски средства** пополнет на образецот објавен на веб-страната на МК, утврдено е дека на 12.5.2021 година Друштвото до МК се обратило со барање за исплата на одобрените средства за реализација на горе наведениот проект заведено со приемен штембил на МК бр.22-6293/1 од 12.5.2021 година.

Имено, Друштвото ја испечатило публикацијата на почеток на месец јуни 2022 година и истата беше презентирана за време траењето на вонредниот инспекциски надзор. Според изјавата на присутните лица публикацијата е испечатена во месец јуни поради честите корекции од страна на авторот на истата, иако таа била во електронска верзија (која е доставена до МК) одамна спремна само требало да се испечати.

При надзорот, на присутните лица од страна на инспекторот им беше УКАЖАНО за доследно спроведување на член 5 став (1) од Договорот за реализација на проектот до 20.11.2021 година а по исклучок доколку има објективни причини заклучно со 31.12.2021 година.

- Во однос на обврската од **член 68 став (3) од Законот за културата** и член 5 став (1) од Договорот, во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на Проектот (забелешка: според членот 5 став 1 од Договорот заклучно со 20.11.2021 г., а по исклучок доколку постојат објективни причини заклучно со 31.12.2021 г.), до МК да биде доставен **извештај за реализацијата на проектот**, кој содржи: наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства (Образец-Финансиски извештај за реализација на Проектот, достапен на веб-локацијата на МК), договори, сметки, фактури, банкови изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

извори на финансирање, Друштвото до МК има **доставено нецелосен наративен и финансиски извештај за реализација** на Проектот „НЕПОЗНАТИОТ АНАСТАСОВ –изложба на цртежи и публикација" (недостига ф-ра за печатење на публикацијата, банковен извод како и публикацијата во печатена форма), за што при надзорот беше укажано од страна на инспекторот за доследно спроведување на обврската од член 68 **став (3) од Законот за културата** и член 5 став (1) од Договорот.

**Користење на одобрените средства од Програма – Визуелни уметности, архитектура и дизајн**

Согласно со Договорот бр. 22-9526/1 од 23.7.2021 г., за учество во финансирање на Годишната програма за работа од национален интерес во културата за 2021 г., од Буџетот на РСМ, преку МК на Друштвото му биле одобрени 110.400 денари, а со Решението бр.22-9526/2 од 27.7.2021 г., од Буџетот на РСМ, преку МК на жиро - сметката на Друштвото авансно се преведени **100.000 денари,** за Проектот - **„НЕПОЗНАТИОТ АНАСТАСОВ – изложба на цртежи и публикација" (организациско материјални трошоци за реализација на проектот 70.400 и печатење на публикација 40.000 денари).**

При надзорот беше утврдено дека Друштвото има средства и од сопствени извори за реализација на проектот.

Трошењето на авансно преведените средства во износ од **100.000,00 денари**, се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Ред. бр. | Доверител | Намена | Износ | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Про –Поинт ДООЕЛ Скопје | Печатење на публикацијата Непознатиот Анастасов | 117.882 | По ф-ра бр.052/22 од 16.6.2022 година (банковен извод бр.55 од 1.6.2022) |
| 2. | ДИС „БЕРИНГ" ДОО Скопје | Надомест за 1 лице за организација, вршење на галериски работи | 91.248 | По 4 ф-ри по претходно склучен договор бр.03-348 од 29.4.2021 (Банковни изводи бр. 22, 26, 31 и 38 од 2021) |
| | **Вкупно: авансно исплатени 100.000 денари** | | **209.130 денари** | **Износот над одобрените средства е од сопствени извори на Друштвото** |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Од увидот во презентираната документација е утврдено дека Друштвото го реализирало горе наведениот Проект во месец јуни 2022 година а не во предвидениот рок согласно член5 став (1) од Договорот (заклучно со 20.11.2021 г., а доколку постојат објективни причини, по претходна писмена согласност на МК заклучно со 31.12.2021) за што од страна на инспекторот на присутното лице му беше УКАЖАНО за доследно спроведување на одредбите од член 5 став (1) од Договорот.
При надзорот, беше утврдено дека авансно преведените средства од страна на МК, во износ од 100.000 денари Друштвото ги потрошило наменски.
Исто така, при надзорот од страна на присутните лица беше презентирана испечатената публикација и ф-рата од Про –Поинт ДООЕЛ Скопје и плаќањето по истата како доказ за реализација на Проектот.

**Врз основа на непосредниот увид во горенаведената документација, како и разговорот со присутното лице:**

**1.Утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзорот, за што ќе бидат преземени следните мерки:**

**- од аспект на примена на член 68 став (1) и (2) од Законот за културата, односно за авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од 100.000,00 денари, Друштвото за новинско издавачка дејност ОСТЕН ДООЕЛ од Скопје, наменски ги потрошило, за реализација на проектот – „НЕПОЗНАТИОТ АНАСТАСОВ – изложба на цртежи и публикација.**

**- Проектот „НЕПОЗНАТИОТ АНАСТАСОВ – изложба на цртежи и публикација, е реализиран но не во согласност со член 5 став (1) од Договорот со МК за што од страна на инспекторот беше УКАЖАНО на присутното лице за доследно спроведување на член 5 став (1) од Договорот.**
**При надзорот, беше утврдено дека Друштвото до МК има доставено нецелосен наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот (недостига ф-ра за печатење на публикацијата, банковен извод како и публикацијата во печатена форма), поради што инспекторот ќе ја превземе следнава инспекциска мерка: имајќи го предвид начелото на превенција утврдено во Законот за инспекциски надзор ќе донесе решение, со коешто субјектот на надзорот ќе се опомене во определен рок да го отстрани утврдениот недостаток (односно да достави образец за наративен и финансиски извештај**


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

**и испечатената публикација како доказа за реализација на проектот) од аспект на примена на член 68 став (3) од Законот за културата.**

11)Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаено одговорното лице на Друштвото, односно субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12)Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

- ____________________________________________________
- ____________________________________________________
- ____________________________________________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | Корнелија Конеска, извршен директор | Печат и потпис на инспекторот за култура: | Верица Станкова |
| Датум: 7.7.2022 [redacted] | 6.2022 г. | Датум: | 29.6.2022 г. |

Доколку претставникот на субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, да се наведат причините

____________________________________________________